Fédération Internationale de Basketball

FIBA

International Basketball Federation

We Are Basketball

# СЛУЖБЕНИ КОШАРКАРСКИ ПРАВИЛА 2010

# *СЛУЖБЕНИ ТОЛКУВАЊА*

ОДОБРЕНИ ОД ЦЕНТРАЛЕН БОРД НА ФИБА
САН ХУАН, ПОРТОРИКО, 17.АПРИЛ.2010

МКФ

Македонска Кошаркарска Федерација

Важност и примена од 1-ви Октомври 2010

**Толкувањата изнесени во овој документ претставуваат Службени Толкувања на Официјалните кошаркарски правила на ФИБА 2010 и се со важност од 01 Октомври 2010 година.Таму каде толкувањата во овој документ се разликуваат од претходно објавените толкувањана ФИБА , овој документ ќе има предност .**

Официјалните кошаркарски правила на ФИБА се одобрени од Централниот Борд на ФИБА и повремено се преиспитувани и исправани од Техничката Комисија на ФИБА .

Правилата се составени што е можно почисто и појасно, но тие изразуваат и обработуваат повеќе принципи отколку ситуации за време на играта . Освен тоа тие секако score неможат да го покријат мноштвото на специфични случаи кои можат да се случат за време на натпреварот .

Целта на овој документ е да ги претвори принципите и концептите на правилата во практични и специфични ситуации кои можат да произлезат за време на нормална кошаркарска игра .

Толкувањата на различни ситуации можат да го поттикнат размислувањето на судиите за да создадат сопствено, почетно и детално проучување на правилата.

Секако Официјалните Кошаркарски правила ќе останат основен документ според кој ќе се раководи кошаркарската игра на ФИБА. Конечно треба да се има во вид дека судијата има полно право да носи одлуки за било која ситуација која не е покриена односно регулирана со правилата или следните службени толкувања на ФИБА .

## Член 5 : Играчи-Повреда

**ПРИКАЗ 1 :**
Ако играч е повреден или изгледа дека е повреден , како резултат на што , тренерот , помошникот тренер , заменик или било кој присутен на клупата на екипата влезе на теренот , се смета дека тој играч добил третман дури и ако не е извршена никаква интервенција .

**<u>Пример :</u>**
Изгледа дека играчот А4 има повреден глужд и играта е запрена .

(а) Докторот на екипата А влегува на теренот и интервенира на глуждот на А4 .

(б) Докторот на екипата А влегува на теренот, но А4 веќе се опоравил .

(в) Тренерот на екипата А влегува на тренерот да помогне на повредениот А4.

(г) Помошниот тренер А , заменик А или придружник А , влегуваат на теренот , но не интервенирале врз А4 .

**Толкување :**

(а),(б),(в),(г) се смета дека А4 бил третиран (имало интервенција) и тој ќе биде заменет .

**ПРИКАЗ 2 :**
Нема временско ограничување за отстранување од теренот на сериозно повреден играч ако според мислењето на докторот, отстранувањето е опасно за играчот .

**<u>Пример :</u>**
А4 е сериозно повреден и играта е во прекин околу 15 минути, бидејќи докторот проценил дека отстранувањето од теренот може да е опасно за играчот .

**Толкување :**
Мислењето на докторот ќе го определи прикладното време за отстранување на повредениот играч од теренот . После замената играта ќе биде продолжена без било каква казна .

**ПРИКАЗ 3:**
Ако играч е повреден, крвари или има отворена рана, поради што не е во состојба веднаш да продолжи да игра (приближно 15 сек.) тој мора да биде заменет, освен ако не е земен тајм-аут од било која екипа, во ист период на запрен часовник за игра, и играчот се опорави за време на тој тајм-аут, тој може да продолжи да игра само ако сигналот на записничарот за тајм-аут се огласи пред судијата да го повика заменикот да постане играч.

**Пример:**
А4 е повреден и играта е запрена. Бидејки А4 не е способен веднаш да продолжи да игра, судијата свири со својата свирка покажувајки го вообичаениот знак за замена.

- Тренерот А (или тренерот Б) бараат тајм-аут:
  а) пред заменикот за А4 да влезе во игра
  б) откако заменикот за А4 е влезен во игра

На крајот на тајм-аутот, А4 сигнализира дека е опоравен и бара да остане во игра.

**Толкување:**
а) Одобрен е тајм-аут и ако А4 се опорави за време на истиот тој може да продолжи да игра
б) Одобрен е тајм-аут но заменикот за А4 веке влегол во игра заради што А4 не може повторно да влезе во игра пред да помине една фаза на работа на часовникот за игра.

## Член 7: Тренери: Должности и права

**ПРИКАЗ 1 :**
Најмалку 20 минути пред определеното време за почеток на играта,секој тренер или негов претставник треба на записничарот да му даде листа со имиња и соодветни броеви на членовите на екипата кои имаат право да играат на натпреварот, име на капитенот на екипата и имињата на тренерот и неговиот заменик. Тренерот е лично одговорен за тоа дека броевите во листата кореспондираат со броевите на дресовите на играчите. Десет (10) минути пред определеното време за почеток на играта тренерот со потпишување во записникот ја дава својата согласност за имињата и броевите на играчите на екипата за тој натпревар и имињата на тренерот, неговиот заменик и капитенот на екипата.

**Пример:**
Во право време екипата А ја доставува листата на играчи на записничарот. Броевите на два играчи не се исти со оние кои тие ги носат на своите дресови или името на играч е пропуштено во записникот.

Ова е откриено:
а) Пред почетокот на играта
б) Откако започнала играта

**Толкување:**

а) Погрешните броеви ке се исправат а името на пропуштениот играч ке се додаде во записникот без било какви санкции

б) Судијата ке ја запре играта во погоден момент, без притоа ниту една од екипите да не стави во подредена положба. Погрешните броеви ке се исправат, но името на пропуштениот играч повеќе не може да се додаде во записникот.

**ПРИКАЗ 2:**

Најмалку 10(десет) минути пред почетокот на играта, секој од тренерите ке ги обележи петте играчи кои ке ја започнат играта. Пред да започне играта записничарот ке провери дали има грешка во однос на петте играчи и ако има веднаш ке го извести најблискиот судија. Ако ова е откриено пред почетокот на играта, почетните 5 играчи веднаш ке бидат исправени. Ако грешката се открие откако играта ке започне, таа ке биде занемарена.

**ПРИМЕР :**

Откриено е дека еден од играчите на теренот не е потврден Ђ одреден од тренерот во почетните 5 играчи. Ова се случило:

а)Пред почетокот на играта.

б)Откако играта започнала.

**Толкување:**

а) Играчот ке биде заменет со оној кој е одреден во почетните пет без било какви санкции.

б) Грешката ке се занемари и играта ке продолжи.

## Член 9 : Почеток и крај на период

**ПРИКАЗ 1 :**

Играта нема да започне се додека секоја екипа не обезбеди најмалку пет (5) играчи на теренот, спремни за игра, кои имат право да играат. Ако на теренот се наоѓаат помалку од пет (5) играчи, во времето што е предвидено за почеток на натпреварот , судиите мораат да имаат чувство за било кои непредвидени околности кои можат да го објаснат доцнењето . Ако е обезбедено разумно образложение за доцнењето, нема да биде досудена техничка грешка. Ако не е обезбедено разумно образложение за доцнењето,може да следи техничка грешка и/или губење на натпреварот без игра, по пристигањето на останатите играчи.

**Пример :**

Во предвиденото време за почеток на натпреварот, екипата А има на теренот помалку од пет (5) играчи подготвени за игра .

(а) Претставникот на екипата А е во состојба да обезбеди разумно и прифатливо образложение за задоцнувањето на играчите на екипата А .

(б) Претставникот на екипата А не е во состојба да обезбеди разумно и прифаливо образложение за задоцнувањето на играчите екипата А .

**Толкување :**

(а) Почетокот на натпреварот ќе биде одложен најмногу 15 минути. Ако отсутните играчи пристигнат на теренот подготвени да играат пред да истечат 15 минути, натпреварот ќе започне. Ако отсутните играчи подготвени за игра не пристигнат на теренот по истекот на 15 минути, натпреварот може без игра да го добие екипата Б, со резултат 20:0 .

(б) Почетокот на натпреварот ќе биде одложен најмногу 15 минути. Ако отсутните играчи подготвени да играат пристигнат на теренот пред да истечат 15 минути, техничка грешка може да му биде досудена на тренерот А (запишана со “К”), после што натпреварот ќе започне. Ако отсутните играчи подготвени за игра не пристигнат на теренот по истекот на 15 минути, натпреварот може без игра да го добие екипата Б, со резултат 20:0 .

Во сите вакви случаи, судијата е должен да состави извештај на задната страна од записникот и истиот го испрати на органот кој раководи со натпреварувањето.

**ПРИКАЗ 2:**

Членот 9 разјаснува кој кош екипата ќе го брани, акој ќе го напаѓа. Ако по недоразбирање било кој период на играта започне на начин кога обете екипи напаѓаат или бранат на погрешни кошеви, таква ситуација ќе биде исправена веднаш по откривањето, без ниту една екипа да биде ставена во подредена положба. Постигнатите поени , искористеното време, досудените грешки итн. , кои се случиле пред запирањето на играта ќе важат .

**Пример 1 :**
После почетокот на играта, судиите забележале дека обете екипи играат во погрешен правец .

**Толкување :**
Што е можно побрзо играта ќе биде запрена, без со тоа да се стави во подредена положба ниту една екипа. Екипите ќе ги променат кошевите. Играта ќе продолжи од, како во огледало спротивното место на теренот, најблиску до она каде играта е запрена .

**Пример 2 :**
На почетокот на периодот, екипата А напаѓа /брани на правиот кош кога Б4 поради губење на ориентација ја води топката кон погрешен кош и постигнува погодок .

**Толкување :**
Два поени ќе бидат доделени на капитенот на екипата А, кој е на теренот.

## Член 12 : Потфрлање и наизменичен посед

**ПРИКАЗ 1:**
На екипата која нема да оствари посед на топката при потфрлањето на почетокот на играта, ќе и биде доделена топката за уфрлање од граничните линии од местото кое е најблиску до она каде ќе се случи следната ситуација на потфрлање .

**Пример 1 :**
Судијата ја потфрла топката за време на почетното потфрлање. Веднаш потоа топката е исправно одбиена од скокачот А4 :
(а) Досудена е држана топка помеѓу А5 иБ5 .
(б) Досудена е обострана грешка на А5 и Б5 .

**Толкување :**
Се додека не е воспоставен посед на топката, судијата не може да ја користи стрелката за посед за да додели посед. Судијата ќе го повтори потфрлањето во централниот круг, при кое во него ќе учествуваат А5и Б5 (скокачи). Потрошеното време на часовникот за игра, кое поминало од исправното одбивање на топката при потфрлањето, до моментот на случување на држаната топка /обостраната грешка, ќе остане потрошено (искористено).

**Пример 2:**
Судијата ја потфрла топката при почетното потфрлање. Веднаш потоа топката е исправно одбиена од скокачот А4, после што таа:

а) Оди директно во аут.
б) Е фатена од А4 пред таа да допре некој од нескокачите или подот.

**Толкување:**
Во обата случаи на екипата Б ке и биде доделена топката за уфрлање поради прекршокот на А4. После уфрлањето екипата која не остварила посед на жива топка на теренот ке се стекне со право на првиот алтернативен посед најблиску до местото каде следната ситуација на потфрлањње ке се случи.

**Пример 3:**
На екипата Б, врз основа на правилото за наизменичен посед и е доделено уфрлање. Судијата и / или записничарот по грешка ја доделуваат топката за уфрлање на екипата А .

**Толкување :**

Откако топката ќе допре или ќе биде допрена од играч на теренот, грешката повеќе не може да се исправи. Екипата Б нема да го загуби правото за наизменичен посед како резултат на грешката и ќе и биде доделена топката во следната ситуација на уфрлање поради наизменичен посед .

**Пример 4:**
Приближно истовремено со сигналот за крај на првиот период, Б5 го фаулира А5 при што е досудена неспортска грешка.

**Толкување:**
А5 ке изведе две(2) слободни фрлања без играчи во полињата за скокање и без преостанато време за игра. По интервалот од две минути, играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од продолжената средна линија спротивно на записничката маса. Ниту една од екипите не го губи правото за уфрлање според процесот на алтернативен посед при следната ситуација на потфрлање.

**ПРИКАЗ 2:**
Било кога жива топка ке се заглави помеѓу обрачот и таблата, освен помеѓу слободни фрлања, тоа е ситуација на потфрлање, која резултира со уфрлање според алтернативен посед.Бидејки ова повеке не може да резултира со ситуација на скок, се смета дека нема исто влијание на играта како кога топката едноставно ке го допре обрачот. Заради тоа ако екипата која имала посед на топката пред таа да се заглави помеѓу обрачот и таблата се стекне со право на уфрлање по основ на алтернативе посед, ке има право на преостанатото време до истекот на 24 секунди, како при било која друга ситуација на потфрлање.

**Пример 1:**
При шут за кош од игра на А4, топката се заглавува помеѓу обрачот и таблата. Екипата А има право на уфрлање процесот на алтернативе посед.
**Толкување:**
После уфрлувањето екипата А го има само преостанатото време за напад на дисплејот за 24 секунди (нема нови 24 секунди).

**Пример 2:**
Додека топката е во воздухот после шутот на А4 за кош од игра, истекува времето од 24 секунди за напад на екипата, после што топката се заглавува помеѓу обрачот и таблата. Екипата А има право на уфрлање според процесот за алтернативен посед.
**Толкување:**
Бидејки екипата А нема повеке преостанато време на часовникот за 24 секунди, се смета дека се случил прекршок. Екипата Б се стекнува со право на уфрлање. Екипата А нема да го загуби своето право на уфрлање во следната ситуација на потфрлање.

## Член 16: Погодок-кога е постигнат и негова вредност

### Приказ :
Во ситуациите на уфрлање или скок после последно или единствено слободно фрлање, секогаш поминува одреден период на време од моментот кога играчот на теренот ке ја допре топката, до моментот кога ке ја исфрли во обид за погодок. На ова е особено важно да се внимава при крај на периодот.

Во вакви ситуации мора да има минимален износ на расположиво време за шут пред времето за игра да истече. Ако на часовникот за игра стои 0:00.3, должност на судиите е да определат дали шутерот ја исфрлил топката пред сигналот за крај на периодот. Меѓутоа ако на часовникот за игра стои, 0:00.2 или 0:00.1, единствен начин на исправен шут за кош од игра може да биде само ако играч кој е во воздухот ја одбие топката кон кошот(одбојка) или директно ја забие во кошот.

**Пример:**
На екипата А и е доделено уфрлање со:
а) 0:00.3
б) 0:00.2 или 0:00.1
време на часовникот за игра до крај на периодот.

**Толкување:**
Во (а), ако има обид за кош од игра и се огласи сигналот за крај на периодот за време на обидот, должност е на судиите да определат дали топката ги напуштила рацете на шутерот пред да се огласи сигналот за крај на периодот.
Во(б), кош може да биде признаен само ако при додавање од уфрлање, додека е во воздухот, топката е одбиена или забиена директно во кошот.

## Член 17: Уфрлање

**ПРИКАЗ 1 :**
Пред изведувачот на уфрлување да ја исфрли топката од рацете, има можност со движењето при уфрлање, со рацете во кои му е топката да ја повреди замислената линија (ѕид), која го одвојува теренот од просторот надвор од граничните линии. Во такви ситуации играчот на одбраната има одговорност да одбегнува мешање во уфрлањето со допирање на топката додека таа се наоѓа во рацете на играчот што го изведува уфрлањето .

**Пример :**
На играчот А4 му е доделено уфрлување. Додека тој ја држи топката, неговите раце се во положба што топката се наоѓа над теренот (преку замислената линија). Б4 ја зграпчува топката која е во рацете на А4 или успева да му ја избие од рацете без притоа да причини било каков физички контакт со А4.

**Толкување :**

Б4 се замешал во уфрлувањето со што го оддолжува продолжувањето на играта. На играчот Б4 ќе му биде дадено предупредување, кое се однесува за сите играчи на екипата Б до крајот на натпреварот а за кое ќе биде известен и тренерот на екипата Б. Повторување на слична акција од било кој играч на екипата Б, може да доведе до досудување на техничка грешка.

**ПРИКАЗ 2 :**

За време на уфрлање, играчот што го изведува уфрлањето мора да ја додаде топката (не да ја врачи) на свој соиграч на теренот.

**Пример :**

За време на уфрлување, играчот А4 му ја врачува топката на својот соиграч А5 кој се наоѓа на теренот.

**Толкување :**

Играчот А4 направил прекршок при уфрлање. За да се смета дека уфрлањето е исправно, топката мора да ја напушти раката (е) на играчот кој го изведува уфрлањето. Топката ќе биде доделена на екипата Б, од местото кое е најблиску до она каде се случил прекршокот .

**ПРИКАЗ 3:**

За време на уфрлање, други играчи нема да имаат било кој дел од телото над граничната линија, пред топката да биде фрлена преку граничната линија.

**Пример 1:**

После прекршок аут, А3 од судијата ја добил топката на располагање за да го изведе уфрлањето. А3:

(а) Ја поставува топката на подот, после што таа е земена од А2
(б)Ја врачува топката на А2 во просторот надвор од граничните линии.

**Толкување:**

Ова е прекршок од А2 бидејки со телото ја поминал граничната линија, пред топката да биде уфрлена од А3 преку граничната линија.

**Пример 2:**
После успешен кош од игра или успешно последно или единствено слободно фрлање на екипата А, тајм аут и е одобрен на екипата Б. После тајм-аутот, Б3 од судијата ја добива топката на располагање за уфрлање на челната линија. Б3:

(а) Ја поставува топката на подот, после што таа е земена од Б2
(б)Ја врачува топката на Б2, кој стои зад челната линија надвор од теренот.

**Толкување:**
Исправна игра. Единственото ограничување за екипата Б е дека топката мора да биде додадена на теренот во рамките на 5 сек.

**ПРИКАЗ 4:**
Ако е одобрен тајм-аут на екипата на која и е доделен посед на топката во задно поле за време на последните две минути од четвртиот период или последните две минути од секое продолжение, уфрлањето кое следи ке биде изведено од **линијата за уфрлање**, спротивно на записничката маса, во предното поле на екипата која го изведува уфрлањето. Играчот кој го изведува уфрлувањето мора да ја додаде топката на соиграч кој се наоѓа во предното поле.

**Пример 1:**
Во последната минута од играта, А4 ја води топката во задното поле на својата екипа, кога играч на екипата Б ја исфрла топката во аут во висина на линијата за слободни фрлања.

а) Тајм-аут е доделен на екипата Б
б) Тајм-аут е доделен на екипата А
в) Тајм-аут е доделен прво на екипата Б а веднаш потоа на екипата А (или обратно)

**Толкување:**

а) Играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од продолжената линија за слободни фрлања

б и в) Играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од **линијата за уфрлање** спротивно на записничката маса во предното поле на екипата А.

**Пример 2:**

Во последната минута од играта А4 изведува две слободни фрлања. За време на второто слободно фрлање А4 ја нагазува линијата за слободни фрлања (престап), за што е досуден прекршок. Екипата Б во тој момент побарала тајм-аут.

**Толкување:**

Играта ке продолжи со уфрлање за екипата Б од **линијата за уфрлање** спротивно на записничката маса, во предното поле на екипата Б.

**Пример 3:**

За време на последните две минути од играта, А4 ја водел топката во траење од 6 секунди во своето задно поле, кога:

а) Б4 ја избил топката надвор од граничните линии(аут),

б) Б4 направил лична грешка(трета тимска во тој период)

На екипата А и е одобрен тајм аут. После тајм аутот играта ке продолжи со уфрлање од **линијата за уфрлање** спротивно на записничката маса, во предното поле на екипата А.

**Толкување:**

Во обата случаи екипата А ке има остаток од 18 секунди за напад на часовникот за 24 секунди.

**Пример 4:**

За време на последните две минути од играта, А4 ја водел топката во своето предно поле. Потоа Б3 ја избил топката која поминала во задното поле на екипата А, каде било кој од играчите на екипата А ја освојува топката повторно започнува дриблинг.Тогаш:

(а)Б4 ја избива топката надвор од граничните линии(аут),

(б)Б4 направил лична грешка (трета на екипата во периодот),

во задното поле на екипата А, со преостанати 6(шест) секунди време за напад на часовникот за 24 секунди, кога на екипата А и е одобрен тајм аут. После тајм аутот играта ке продолжи со уфрлање за А4 од **линијата за уфрлање**, спротивно на записничката маса, во предното поле на екипата А.

**Толкување:**

Екипата А ке има:

(а)шест (6) секунди за напад

(б)четиринаесет(14) секунди за напад,

преостанати на часовникот за 24 секунди.

**ПРИКАЗ 5:**

Постојат и дополнителни ситуации на оние прикажани во член 17.2.3 во кои последователно уфрлање ке биде изведено од продолжената централна линија, спротивно од записничката маса.

**Пример:**

(а)Играч кој изведува уфрлање од продолжената централна линија спротивно на записничката маса прави прекршок и топката е доделена на противникот за уфрлање од местото на оригиналното уфрлање.

(б)Ако за време на ситуација на тепачка членови на обете екипи се исклучени и нема преостанати казни за извршување,а во време на прекинот некоја екипа имала посед на топка или остварила право на топка.

**Толкување:**

Во сите погоре споменати ситуации играчот кој го изведува уфрлањето може да ја додаде топката и во предно и во задно поле.

**ПРИКАЗ 6:**

При уфрлање може да се случат следните ситуации:

(а)Топката е додадена над обрачот и таа е допрена од играч на било која екипа со протнување на раката одоздола низ кошот.

(б)Топката се заглавила меѓу обрачот и таблата.

(в)Топката е намерно фрлена кон обрачот со цел часовникот за 24 секунди да биде ресетиран.

**Пример 1:**

При уфрлање А4 ја додава топката преку обрачот, кога таа е допрена од играч на било која екипа со протнување на раката одоздола низ обрачот.

**Толкување:**

Тоа е прекршок попречување на топката. Играта ке продолжи со уфрлање за противниците од продолжената линија за слободни фрлања. Во случај играч на екипата во одбрана да го стори овој прекршок, поени не може да бидат признати од екипата во напад бидејки топката небила фрлена кон кошот како обид за шут од поле, туку дошла надвор од теренот како уфрлање.

**Пример 2:**

А4 од уфрлање ја додава топката кон кошот и таа се заглавила помеѓу обрачот и таблата.

**Толкување:**
Ова е ситуација на потфрлање. Играта ке продолжи според процесот на алтернативен посед. Ако екипата А има право на уфрлање(стрелка), часовникот за 24 секунди нема да биде ресетиран.
**Пример 3:**
На 5 (пет) секунди преостанати за напад на часовникот за 24 секунди, А4 при уфрлање ја додава топката кон кошот, кога таа го допира обрачот.
**Толкување:**
Мерачот на 24 секунди нема да го ресетира својот часовник, бидејки часовникот за игра сеуште не почнал да работи. Играта ке продолжи без да биде прекината.

## Член 18/19 : Тајм-аут /замена

**ПРИКАЗ 1 :**
Тајм-аут не може да биде доделен пред да започне времето за игра во периодот или откако ке заврши времето за игра во периодот.
Замена неможе да биде одобрена пред да започне времето за игра во периодот или откако ке заврши времето за игра во периодот, но било која замена може да биде одобрена за време на интервалите на игра.
**Пример 1 :**
За време на почетното потфрлање, но пред топката исправо да биде одбиена, скокачот А5 направил прекршок и топката е доделена на екипата Б за уфрлување. Во тој момент двајцата тренери бараат тајм-аут или замена.
**Толкување :**
Тајм-аут или замена не може да се одобри бидејки времето за игра сеуште не е започнато.

**Пример 2 :**
Во исто време кога се огласил сигналот за крај на период или продолжение, досудена е грешка и на играчот А4 му се доделени две слободни фрлања. Во тој момент двајцата тренери бараат:
а) Тајм-аут
б) Замена

**Толкување :**

а) Тајм-аут неможе да биде одобрен бидејки е истечено времето за игра во периодот или продолжението.

б) Замена може да биде одобрена само после изведувањето на двете слободни фрлања кога започнува интервалот на игра.

**ПРИКАЗ 2 :**

Ако се огласи сигналот на дисплејот за 24 секунди додека топката е во воздухот после шут за кош од игра, тој не го запира часовникот за игра бидејки тоа не е прекршок. Ако обидот за кош од игра е успешен, тоа е врз основа на определени услови можност за тајм аут и замена за обете екипи.

**Пример :**

За време на шут за кош од игра, топката е о воздухот кога се огласува сигналот на дисплејот за (24)дваесет и четири секунди. Потоа топката влегува во кошот.

Во тоа време една или обете екипи бараат:

(а)Тајм-аути .

(б) Замени.

**Толкување :**

(а) Ова е можност за тајм-аут само за екипата која примила кош. Ако на екипата која примила кош и е одобрен тајм-аут, на противниците исто така може да им биде одобрен тајм-аут, ако тоа на време го побарале и обете екипи можат да извршат замени, ако ги бараат.

(б) Ова е можност за замена само за екипата која примила кош и само во последните (2)две минути од четвртиот период или секое продолжение.

Ако на екипата која примила кош и е одобрена замена, на противникот исто така може да му биде одобрена замена и обете екипи имаат право на тајм аут ако тоа го побараат.

**ПРИКАЗ 3 :**

Ако барањето за тајм-аут или замена (за било кој играч, вклучувајки го и шутерот на слободни фрлања), е поднесено откако топката е на располагање на шутерот на слободни фрлања за прво или единствено слободно фрлање, тајм-аут или замена ке биде одобрена на обете екипи ако:

а) Последното или единственото слободно фрлање е успешно или
б) Последното или единственото слободно фрлање е проследено со уфрлање од продолжената централна линија спротивно на записничката маса, односно поради било која причина топката ке остане мртва после последното или единствено слободно фрлање.

**Пример 1 :**
На А4 му се доделени две слободни фрлања. Екипата А или екипата Б бара тајм-аут или замена:
а) Пред топката да биде на располагање на изведувачот А4
б) После изведување на првото слободно фрлање.
в) После второто слободно фрлање кое е успешно, но пред топката да е на располагање на играчот за уфрлање.
г) После второто слободно фрлање кое е успешно, но откако топката е на располагање на играчот за уфрлање

**Толкување :**
а) Тајм- аут или замена ке биде одобрена пред првото слободно фрлање
б) Тајм- аут или замена ке биде одобрена после последното слободно фрлање ако е успешно
в) Тајм- аут или замена ке биде одобрена директно пред уфрлањето
г) Тајм-аут или замена нема да биде одобрен

**Пример 2:**
На играчот А4 му се доделени две слободни фрлања. После првиот обид, тајм-аут или замена е побарана од екипата А или Б. За време на последното слободно фрлање:
а) Топката се одбива од обрачот и играта продолжува.
б) Слободното фрлање е успешно.
в) Топката не го допрела обрачот,ниту влегла во кошот.
г) Шутерот А4 ја нагазил линијата за слободни фрлања и досуден е прекршок.
д) Слободното фрлање не е успешно но Б4 влегол во просторот за ограничување пред топката да ги напушти рацете на шутерот и досуден е прекршок.

**Толкување:**

а) Тајм-аут или замена не се одобруваат.
б) ,(в), (г) Тајм-аут или замена веднаш ке бидат одобрени.

д)А4 ке изведе повторено слободно фрлање, кое ако е успешно тајм-аут или замена веднаш ке бидат одобрени.

**ПРИКАЗ 4 :**

Ако после поднесено барање за тајм-аут, направена е грешка од било која екипа, мерењето на времето за тајм-аутот нема да започне се додека не заврши комуникацијата на судијата со записничката маса поврзано со таа грешка. Во случај ако е направена петта (5) грешка на играч, оваа комуникација ја вклучува и постапката за замена на играчот. Во моментот кога постапката за заменана играчот ќе биде завршена, тајм-аутот ќе започне кога судијата ќе свирне со својата свирка и ќе даде пропишан сигнал за тајм-аут .

**Пример 1 :**

Тренерот на екипата А поднел барање за тајм-аут,после што играчот Б4 направил лична грешка која е петта грешка на Б4 .

**Толкување :**

Можноста за тајм-аут нема да започне се додека потполната комуникација поврзана со грешката не заврши и замената за Б4 не постане играч.

**Пример 2 :**

Поднесено е барање за тајм-аут од страна на тренерот на екипата А, после кое било кој играч направил лична грешка.

**Толкување:**

На екипите им е дозволено да одат во просторот на нивните клупи, ако осознаат дека е побаран тајм-аут, дури и тогаш кога тајм-аутот формално сеуште не е започнат.

**ПРИКАЗ 5 :**
Ако судиите откријат дека на теренот се наоѓаат повеќе од пет (5) играчи од иста екипа, грешката мора што е можно побрзо да биде исправена, без противникот да биде ставен во подредена положба. Ако се смета дека судиите и помошните судии ја извршиле коректно својата работа, еден играч морал недозволено да влезе или остане на теренот. Заради тоа судиите мораат да му наредат на еден играч веднаш да го напушти теренот и да досудат техничка грешка на тренерот на таа екипа (запишан како “К”) . Тренерот на екипата е одговорен за замените и е должен замените коректно да се извршуваат и дека заменетиот играч веднаш ќе го напушти теренот откако ќе биде заменет.

**Пример :**
Додека натпреварот е во тек, откриено е дека екипата А има повеќе од пет (5) играчи на теренот.
(а) Во моментот на откривањето, екипата Б (со пет играчи) има посед на топката.
(б) Во моментот на откривањето, екипата А ( со повеќе од пет играчи ) има посед на топката.
**Толкување :**
(а) Играта веднаш ќе биде запрена освен ако со тоа екипата Б не се става во подредена положба.
(б) Играта веднаш ќе биде запрена.
Во двата случаи играчот кој недозволено влегол или останал во игра веднаш ке биде отстранет од теренот и техничка грешка ке му биде досудена на тренерот А(впишана како вКг).

**ПРИКАЗ 6 :**
Откако е откриено дека екипата има повеќе од пет играчи на теренот, исто така е откриено дека играчот А5 кој нелегално е во игра, постигнал поени или направил грешка. Сите постигнати поени и сите грешки над или од тој играч ќе важат и ќе бидат оквалификувани како поени или грешки од играч .

**Пример :**
Судиите откриле дека А5 се наоѓа на теренот како шестти (6) играч на екипата А И ја прекинале играта откако,
(а) е досудена лична грешка во напад од А5.

(б) е постигнат кош од играчот А5
(в) Б5 направил лична грешка врз А5 за време на негов неуспешен шут на кош.

**Толкување :**

(а) Грешката на А5 ќе се смета како грешка на играч.
(б) Погодокот постигнат од А5 ќе важи .
(в) Слободните фрлања ке бидат изведени од било кој играч на екипата А на теренот во времето кога грешката била досудена.

**ПРИКАЗ 7 :**

Членовите 18 и 19 регулираат (објаснуваат) кога започнува и кога завршува можноста за замена или тајм-аут. Тренерите кои бараат замена или тајм-аут мораат да ги почитуваат овие ограничувања, бидејки во спротивно тајм аут или замена нема веднаш да бидат одобрени.

**Пример 1:**

Можноста за замена (или тајм-аут) само што завршила, кога тренерот на екипата А притрчува до записничката маса, гласно барајки замена или тајм-аут . Записничарот реагира и по грешка го огласува својот сигнал. Судијата свири со својата свирка и ја прекинува играта.

**Толкување :**

Поради свирењето на судиите, топката постанала мртва, а часовнокот за игра останал запрен, што во нормални околности би претставувало можност за замена или тајм-аут, но бидејки барањето е доцна поднесено, замената или тајм-аутот нема да бидат одобрени. Играта веднаш ќе биде продолжена.

**Пример 2:**

Досуден е прекршок игра на топка во слегувачка патека или попречување, во било кое време на играта. Заменици од било која екипа или обете екипи чекаат на записничката маса да влезат во игра или тајм аут е побаран од било која екипа.

**Толкување:**

Прекршокот причинува часовникот за игра да биде запрен и топката да постане мртва. Замените или тајм аут ке бидат одобрени.

**ПРИКАЗ 8:**
Секој тајм аут ке трае една( 1) минута. Екипите мораат брзо да се вратат на теренот откако судијата ке свирне со свирката повикувајки ги на теренот за игра. Понекогаш екипите ги продолжуваат тајм аутите преку определената 1 минута, остварувајки предност со продолжување на тајм аутот,што исто така причинува и задржување на играта. Опомена на таа екипа ке биде дадена од судијата. Ако таа екипа не одговори на опомената, дополнителен тајм аут ке му биде доделен на екипата прекршител. Ако екипата нема преостанати тајм аути за користење, техничка грешка за оддолжување на играта може да му биде досудена на тренерот, запишана во записникот како вТг.

**Пример:**
Времето за тајм аут истекло и судијата ја повикал екипата А да се врати на теренот. Тренерот А продолжил да дава инструкции на својата екипа која останува во просторот на својата клупа. Судијата повторно ја повикува екипата А на теренот и

(а)Екипата конечно се враќа на теренот

(б)Екипата А и понатаму останува во просторот на клупата на екипата.

**Толкување:**

(а)Откако екипата ке почне да се враќа на теренот , судијата ке го опомене тренерот дека ако се повтори истото однесување, дополнителен тајм аут ке биде доделен на екипата А.

(б)Тајм аут без опомена ке биде доделен на екипата А. Ако екипата А нема преостанати тајм аути за користење, техничка грешка за оддолжување на играта ке му биде досудена на тренерот А, запишана во записникот како вТг.

## Член 24 : Водење на топка

**ПРИКАЗ :**
Ако играч намерно ја фрли (одбие) топката кон таблата (не се обидува да изведе исправен шут за кош), ќе се смета како играчот да ја одбил топката од подот. Ако играчот потоа повторно ја допре топката, пред таа да допре (или е допрена) друг играч ќе се смета исто како водење на топката.

**Пример 1 :**
Играчот А4 сеуште не ја водел топката, кога ја удира од таблата и повторно ја фаќа пред таа да допре друг играч.
**Толкување :**
После фаќањето на топката (таа отседнала во неговите раце), играчот А4 може да шутира или додава, но неможе да започне ново водење на топката.

**Пример 2:**
После завршување на водењето, било да е сеуште во континуирано движење или стои, А4 ја удира топката од таблата и поторно ја фаќа пред таа да допре друг играч.
**Толкување :**
А4 направил прекршок поради тоа што направил ново водење на топката (двојно водење) .

## Член 25: Чекори

**ПРИКАЗ:**
Ако играч кој лежи на подот оствари посед на топката, тоа е исправна игра. Ако играч кој држи топка падне на подот, тоа е исправна игра. Ако играч после паѓањето на подот кратко се лизга, тоа исто така е исправна игра. Меѓутоа ако играчот потоа се тркала или се обиде да стане држејки ја топката, тоа е прекршок.

**Пример 1:**
А3 додека ја држи топката губи равнотежа и паѓа на подот.
**Толкување:**
Ненамерното паѓање на подот на А3 е исправна игра.

**Пример 2:**
А3, додека лежи на подот остварува посед на топката. А3 потоа:
(а)Ја додава топката на А4
(б)Започнува да ја води топката додека сеуште лежи на подот.
(в)Се обидува да стане додека сеуште ја држи топката.
**Толкување:**
Во (а) и (б), тоа е исправна акција на А3.
Во (в), се случил прекршок чекори.

**Пример 3:**
А3, додека ја држи топката, паѓа на подот и се лизга по него како резултат на инерцијата.

**Толкување:**
Ненамерното лизгање во акцијата на А3 не содржи прекршок. Но ако потоа А3 се тркала или се обиде да стане додека сеуште ја држи топката, тогаш се случил прекршок чекори.

## Член 28: 8 секунди

**ПРИКАЗ 1:**
Примената на ова правило исклучиво се ослонува на индивидуалното броење на осум (8) секунди од страна на судијата. Во случај на било какво несогласување помеѓу бројот на секунди изброени од судијата и оние прикажани на дисплејот за 24 секунди, одлуката на судијата ќе има предност.

**Пример:**
А4 ја води топката во своето задно поле кога судијата досудува прекршок (8)осум секунди. Дисплејот за 24 секунди покажува дека поминале само седум секунди.

**Толкување :**
Одлуката на судијата е правилна.Единствено судијата има право да одлучи кога завршил периодот од осум (8) секунди.

**ПРИКАЗ 2:**
Броењето на осум (8) секунди е запрено поради потфрлање. Ако уфрлањето кое е последица на потфрлувањето, е доделено на екипата која претходно имала посед на топката, таа екипа ќе има само дел од времето преостанато од периодот од осум секунди да ја префрли топката во предното поле.

**Пример :**
Екипата А имала посед на топката во своето задно поле во траење од пет (5) секунди кога се случила држана топка. Екипата А има право на следен наизменичен посед.

**Толкување :**
Екипата А ќе има на располагање само три (3) секунди да ја префрли топката во предното поле.

**ПРИКАЗ 3:**
За време на водењето на топката од задно во предно поле, топката поминува во предното поле на екипата кога двете нозе на дриблерот и топката се во контакт со предното поле.

**Пример 1:**
А1 стои на теренот со опчекорена централна линија.Тој потоа ја фаќа топката која му е додадена од А2 кој се наоѓа во задното поле. А1 тогаш ја додава топката назад на А2 кој сеуште е во задното поле.
**Толкување:**
Исправна игра. А1 не ги имал обете нозе во предното поле и заради тоа има право на додавање во задно поле. Броењето на (8) осум секунди ке продолжи.

**Пример 2:**
А2 ја води топката од своето задно поле и го завршува водењето со опчекорена централна линија. А2 тогаш ја додава топката на А1 кој исто така стои со опчекорена централна линија.

**Толкување:**
Исправна игра. А2 не ги имал обете нозе во предното поле и заради тоа има право на додавање на А1 кој исто така не е во предното поле. Броењето на (8) осум секунди ке продолжи.

**Пример 3:**
А2 ја води топката од своето задно поле и веке има една нога(но не и двете) во предното поле. После тоа А2 ја додава топката на А1 кој стои со опчекорена централна линија. А1 потоа почнува да ја води топката во своето задно поле.

**Толкување:**
Исправна игра. А2 не ги имал обете нозе во предното поле и заради тоа има право на додавање на А1 кој исто така не е во предното поле. Заради тоа А1 има право да продолжи да ја води топката во задно поле.Броењето на (8) осум секунди ке продолжи.

**Пример 4:**
А4 ја води топката од своето задно поле и го запира своето напредување сеуште водејки ја топката додека:
(а)Ја има опчекорена централната линија.
(б)Двете нозе му се во предното поле, а ја води топката во задно поле.
(в)Двете нозе му се во задното поле, а ја води топката во предно поле.
(г)Двете нозе му се во предно поле, додека ја води топката во задно поле, после што А4 се враќа со обете нозе во своето задно поле.

**Толкување:**
Во сите случаи дриблерот А4 продолжува да биде возадно поле се додека двете нозе и топката не се во контакт со предното поле. Броењето на (8) осум секунди ке продолжи во сите ситуации.

## Член 29: Дваесет и четири секунди

**ПРИКАЗ 1:**
Изведен е шут за кош од игра близу до крајот на периодот од дваесет и четири секунди и се огласил сигналот додека топката е во воздухот. Ако топката не го допре обрачот, се случил прекршок, освен ако противникот не остварил моментален и чист посед на топката. Топката ке биде доделена на противникот за уфрлање на она место кое е најблизу до местото каде играта била запрена од судијата, освен директно зад таблата.

**Пример 1:**
После шутот на А5 за кош од игра, топката е во воздухот кога се огласува сигналот на дисплејот за дваесет и четири (24) секунди. Топката ја допрела таблата и потоа се стркалала по подот каде е допрена прво од Б4 па од А4 за конечно В5 да оствари посед на топката.

**Толкување :**
Оваа ситуација претставува прекршок дваесет и четири (24) секунди, бидејќи топката не го допрела обрачот и не е остварен моментален и чист посед на на топката од страна на противникот.

**Пример 2:**
После шут за кош од игра на А5, топката ја допрела таблата, но не го допрела обрачот. Во скок топката е допрена од Б5 (но не остварил посед), после што А5 остварил посед на топката. Во тој момент се огласил сигналот на дисплејот за 24 секунди.

**Толкување:**
Се случил прекршок дваесет и четири (24)секунди.Дисплејот-часовникот за дваесет и четири(24) секунди продолжува да работи кога топката не го допрела обрачот и повторно дошла во посед на играч од екипата А.

**Пример 3:**
На крајот од периодот од дваесет и четири (24) секунди, А4 шутира за кош од игра. Шутот исправно е блокиран од Б4, кога се огласува сигналот на дисплејот за дваесет и четири (24) секунди. После сигналот Б4 прави лична грешка над А4.

**Толкување :**
Се случил прекршок дваесет и четири (24) секунди. Грешката на Б4 ќе се занемари освен ако не е техничка, неспортска или исклучувачка.

**Пример 4:**
Топката е во воздух после шут од игра на А4, кога се огласува сигналот на дисплејот за дваесет и четири (24) секунди.Топката не го допира обрачот, веднаш после што е досудена држана топка помеѓу играчите А5 и Б5.

**Толкување :**
Се случил прекршок дваесет и четири (24) секунди. Екипата Б не остварила брз и чист посед на топката при скокот.

**ПРИКАЗ 2:**
Ако се огласи сигналот на часовникот за 24 секунди, во ситуација кога според проценка на судиите противникот ке оствари чист и моментален посед на топката, сигналот ке биде занемарен И играта ке продолжи.

**Пример:**
Близу до крајот на периодот од 24 секунди, се случило неуспешно додавање помеѓу А4 и А5 (обата играчи се наоѓаат во нивното предно поле) и топката се стркалала во задното поле на екипата А. Пред Б4 да оствари посед на топката со слободен пат кон противничкиот кош, се огласува сигналот на часовникот за 24 секунди.

**Толкување:**
Ако Б4 оствари моментален и чист посед на топката, сигналот ке биде занемарен и играта ке продолжи.

**ПРИКАЗ 3:**
Ако на екипата која претходно имала посед на топката и е доделено уфрлување од наизменичен посед, таа екипа ќе има онолку време од периодот за дваесет и четири(24) секунди, колку преостанало во моментот кога се случила ситуацијата на потфрлање.

**Пример 1:**
Екипата А има посед на топката со преостанати десет (10) секунди од периодот на дваесет и четири (24) секунди, кога се случила ситуација на држана топка. Уфрлање од наизменичен посед е доделено на:
(а)Екипата А.
(б)Екипата Б.

**Толкување :**
(а) Екипата А има само 10 секунди од периодот на дваесет и четири (24)секунди за напад.
(б) Екипата Б има право на нов период од дваесет и четири (24) секунди за напад.

**Пример 2:**

Екипата А има посед на топката со преостанати 10 секунди од периодот на дваесет и четири (24) секунди, кога топката излегла надвор од граничните линии (аут).Судиите не можат да се согласат кој од играчите А4 или Б4 бил последен што ја допрел топката пред таа да оди надвор од граничните линии. Досудено е потфрлање и уфрлање врз основа на наизменичен посед е доделено на:

(а)Екипата А.

(б)Екипата Б.

**Толкување :**

(а) Екипата А има само 10 секунди од периодот на дваесет и четири (24) секунди за напад.

(б) Екипата Б има право на нов период од дваесет и четири (24) секунди за напад.

**ПРИКАЗ 4:**

Ако играта е запрена од судија заради лична грешка или прекршок(освен кога топката ке излезе надвор од граничните линии-аут), сторени од екипата која нема посед на топката и поседот на топката е доделен на истата екипа која претходно имала посед на топката во предното поле, часовникот за 24 секунди ке биде ресетиран на следниот начин:

-Ако во моментот кога играта била запрена дисплејот за 24 секунди покажува четиринаесет(14) секунди или повеке, часовникот за 24 секунди нема да биде ресетиран и ке продолжи да работи од времето на кое е запрен.

-Ако во моментот кога играта била запрена дисплејот за 24 секунди покажува тринаесет(13) секунди или помалку, часовникот за 24 секунди ке биде ресетиран на четиринаесет(14) секунди.

**Пример 1:**

Б4 причинил топкта да оди во аут во предното поле на екипата А. Во тој момент часовникот за 24 секунди покажува осум(8) секунди за напад.

**Толкување:**

Екипата А ке има само осум (8) секунди преостанати на часовникот за 24 секунди.

**Пример 2:**
А4 ја води топката во своето предно поле и е фаулиран од Б4. Ова е втора лична грешка на екипата Б во тој период. Во тој момент часовникот за 24 секунди покажува три (3) секунди преостанати за напад на екипата А.
**Толкување:**
Екипата А ке има четиринаесет (14) секунди на часовникот за 24 секунди.

**Пример 3:**
На четири (4) секунди преостанати на часовникот за 24 секунди, екипата А има посед на топката во своето предно поле кога:
(а)А4
(б)Б4
е повреден и судиите ја прекинале играта.
**Толкување:**
Екипата А ке има:
(а)четири (4) секунди
(б)четиринаесет (14) секунди
преостанати на часовникот за 24 секунди.

**Пример 4:**
А4 извел шут за кош од игра. Додека топката е во лет кон кошот, обострана лична грешка им е досудена на А5 и Б5 со преостанати шест секунди на часовникот за 24 секунди. Топката не влегла во кошот. Стрелката за алтернативе посед покажува следен посед за екипата А.
**Толкување:**
Екипата А ке има шест (6) секунди преостанати на часовникот за 24 секунди.

**Пример 5:**
На пет (5) секунди преостанати на часовникот за 24 секунди, А4 ја води топката кога техничка грешка му е досудена на Б4, проследена со техничка грешка досудена на тренерот А.
**Толкување:**
После поништувањето на истите казни, играта ке продолжи со уфрлање за екипата А и пет(5) секунди преостанати на часовникот за 24 секунди.

**Пример 6:**
Со
(а) шеснаесет (16) секунди
(б) дванаесет (12)  секунди,
преостанати на часовникот за 24 секунди, Б4 во своето задно поле намерно ја удира топката со нога или ја удира топката со тупаница.
**Толкување:**
Прекршок од екипата Б. После уфрлањето во предното поле екипата А ке има
(а)шеснаесет (16) секунди
(б)четрнаесет (14) секунди
преостанати на часовникот за 24 секунди.

**Пример 7:**
За време на уфрлање од А2, Б4 во своето задно поле ги поставува своите раце преку граничната линија и го блокира додавањето на А4 со
(а) деветнаесет (19) секунди
(б) единаесет (11) секунди
Преостанати на часовникот за 24 секунди.
**Толкување:**
Прекршок од Б4. После уфрлањето во предното поле екипата А ке има
(а) деветнаесет (19) секунди
(б) четиринаесет (14) секунди
преостанати на часовникот за 24 секунди.

**Пример 8:**
А4 ја води топката  во своето предно поле кога Б4 направил неспортска грешка на шест (6) секунди преостанати на часовникот за 24 секунди.
**Толкување:**
Безобзир дали слободните фрлања ке бидат успешни или не, на екипата А ке и биде доделено уфрлање од продолжената централна линија спротивно на записничката маса. Екипата А на располагање ке има нов период од  24 секунди.
Истото толкување се однесува за досудена техничка или исклучувачка грешка.

**ПРИКАЗ 5:**
Ако играта е запрена од судијата од било која причина која не е поврзана со било која од екипите и ако според проценка на судијата ниту една екипа не е ставена во подредена положба, часовникот за 24 секунди ке продолжи од времето на кое е запрен.

**Пример 1:**
Со 0:25 преостанато време за игра во последната минута од натпреварот, при резултат А 72 Ђ Б 72, играч на екипата А остварува посед на топката и истата ја води во траење од дваесет (20) секунди, кога играта е запрена од судиите заради
(а)тоа што часовникот за игра или часовникот за 24 секунди не започналеленале да работат
(б)тоа што на теренот е фрлено шише
(в)тоа што часовникот за 24 секунди е ресетиран по грешка.
**Толкување:**
Во сите случаи играта ке продолжи со уфрлање за екипата А со 4 секунди преостанато време на часовникот за 24 секунди. Екипата Б би била ставена во подредена положба ако играта продолжи со нов период од 24 секунди.

**Пример 2:**
После шутот на А3 за кош од игра, топката се одбила од обрачот после што е освоена од А5. Девет (9) секунди после тоа, по грешка се огласил сигналот на часовникот за 24 секунди. Судиите ја прекинале играта.
**Толкување:**
Екипата А која остварила посед на топката би била ставена во подредена положба ако ова се прифати како прекршок. По консултација со делегатот и мерачот за 24 секунди, судиите ке ја продолжат играта со уфрлање за екипата А и 15 секунди преостанато време на часовникот за 24 секунди.

## Член 30: Вратена топка во задно поле

**ПРИКАЗ:**
Додека е во воздухот, играчот го задржува статусот во однос на подот како кога последен пат го допрел подот пред скокот во воздух. Но кога играч кој е во воздухот, отскокне од предното

поле, оствари посед на топката додека е во воздухот, тој е првиот играч на екипата кој воспоставил посед на екипата.
Ако неговата инерција го врати во неговото задно поле, тој е беспомошен да го избегне враќањето со топката во задното поле.
Заради тоа ако играч во воздухот оствари **нов посед на екипата,** положбата на играчот во однос на подот нема да се воспостави се додека играчот со обете нозе не се врати на подот.

**Пример 1:**
А4 во своето задно поле се обидува да оствари контра напад додавајки ја топката кон А5 кој е во предното поле. Б3 отскокнал од предното поле на екипата Б, ја фатил топката додека е во воздухот и доскокнал
(а)со обете нозе во своето задно поле.
(б)со опчекорена централна линија
(в)со опчекорена централна линија и после тоа продолжил да ја води или додава топката во задното поле.

**Толкување:**
Не се случил прекршок. Б3 воспоставил **прв посед** на екипата Б додека е во воздухот и неговата положба во однос на подот не била определена се додека тој со двете нозе не се вратил на подот. Во сите случаи Б3 исправно е во своето задно поле.

**Пример 2:**
При потфрлање помеѓу А4 и Б4 со кое трба да започне првиот период, топката е исправно одбиена кога А5 отскокнува од своето предно поле, ја фаќа топката додека е во воздухот и потоа доскокнува
(а) со обете нозе во своето задно поле.
(б) со опчекорена централна линија.
(в) со опчекорена централна линија и после тоа продолжил да ја води или додава топката во задното поле.

**Толкување:**
Не се случил прекршок. А5 воспоставил **прв посед** на екипата А додека е во воздухот. Во сите случаи А5 е исправно во своето задно поле.

**Пример 3:**

Играчот А4 кој изведува уфрлање од предното поле, се обидува да ја додаде топката на А3. А3 отскокнува од своето предно поле,ја фаќа топката додека е во воздухот и доскокнува

(а) со двете нозе во своето задно поле.

(б) со опчекорена централна линија.

(в) со опчекорена централна линија и после тоа продолжил да ја води или додава топката во задното поле.

**Толкување:**

Прекршок на екипата А. Играчот А4 кој изведува уфрлање веке има остварено посед на топката во предното поле пред А3 да ја фати топката во воздухот и доскокне во задното поле. Во сите случаи А3 неисправно ја вратил топката во задно поле.

**Пример 4:**

А4 во своето задно поле се обидува да ја додаде топката на А5 во предното поле. Б4 отскокнува од предното поле, ја фаќа топката додека е во воздухот и пред да доскокне во задното поле тој ја додава топката на Б5 кој е во своето задно поле.

**Толкување:**

Прекршок вратена топка од екипата Б.

**Член 31: Топка во слегувачка патека кон кошот и попречување**

**ПРИКАЗ 1:**

Кога топката е над обрачот за време на обид за кош од игра или слободно фрлање, попречување на топката е ако играч пружи рака низ обрачот (одоздола) и ја допре топката .

**Пример :**

При последно или единствено слободно фрлање на играчот А4,

(а) пред топката да го допре обрачот,

(б) откако топката го допрела обрачот и сеуште има можност да влезе во кошот,

Б4 пружа рака низ обрачот (одоздола) и ја допира топката .

**Толкување :**

Се случил прекршок од Б4, бидејќи тој недозволено ја допрел топката.

(а)на А4 ке му биде доделен еден(1) поен и техничка грешка ке му биде досудена на Б4.
(б)на А4 ке му биде доделен еден(1) поен, но на Б4 нема да мубиде досудена техничка грешка.

**ПРИКАЗ 2:**
Кога топката е над обрачот за време на додавање или откако таа го допрела обрачот, ако играч пружи рака низ обрачот (одоздола) и ја допре топката, тоа е прекршок.

**Пример :**
Како резултат на додавање, топката е над обрачот, кога Б4 пружа рака низ обрачот (одоздола) и ја допира топката.

**Толкување :**
Прекршок од Б4. На екипата А ке и бидат доделени 2 или 3 поени.

**ПРИКАЗ 3:**
После последно или единствено слободно фрлање откако топката ќе го допре обрачот, обидот од слободно фрлање го менува статусот и постанува обид за два поени, ако топката влезе во кошот откако е исправно допрена од било кој играч на теренот.

**Пример:**
Откако топката го допрела обрачот и се одбила над него, после последно или единствено слободно фрлање, играчот Б4 ја допрел во обид да ја одбие од кошот, но таа сепак влегла во кошот.

**Толкување :**
Бидејќи топката е исправно допрена, таа го менува статусот и од обид за кош од слободно фрлање постанува обид за два поени, заради што два поени ќе бидат доделени на екипата А.

**ПРИКАЗ 4:**
Ако после обид за кош од игра ,играч ја допре топката додека таа е во патека на качување кон кошот, ќе се применуваат сите ограничувања кои се однесуваат на **топка во слегувачка патека кон кошот и попречување.**

**Пример:**

После шут за кош од А4 , топката е во воздухот, кога во патека на качување е допрена од Б5(или А5). Во слегувачка патека кон кошот ,топката е допрена:

(а) Од А3

(б) Од Б3

**Толкување :**

Контактот со топката на Б5 (или А5) во патека на качување кон кошот е исправен и не го менува статусот на шутот за кош од игра.Меѓутоа, следниот контакт со топката во слегувачка патека кон кошот од А3 или Б3 е прекршок.

(а)Топката е доделена на екипата Б за уфрлање од продолжената линија за слободни фрлања.

(б) Два или три поени ќе бидат доделени на екипата А.

**ПРИКАЗ 5:**

Ако играч за време на обид за кош од игра, причини обрачот или таблата да вибрираат со што според проценка на судијата топката е попречена да влезе во кошот или причинило таа да влезе во кошот, ќе се смета дека се случил прекршок попречување на топката.

**Пример:**

Играчот А4 е во обид за кош од игра со вредност од три(3) поени непосредно пред крајот на играта.Додека топката е во воздухот се огласува сигналот за крај на натпреварот. После сигналот, играчот Б4 причинил обрачот или таблата да вибрираат,со што според проценка на судијата ја попречил топката да влезе во кошот.

**Толкување :**

Дури и по сигналот за крај на натпреварот, топката останува жива и затоа се случил прекршок попречување. На екипата А ке и бидат доделени три поени.

**ПРИКАЗ 6:**
Се случило поречување на топката од одбрамбен играч или од играч на нападот при шут за кош од игра, кога играчот го допрел кошот или таблата додека топката е во контакт со обрачот и сеуште има можност да влезе во кошот.

**Пример:**
После шут за кош од игра на А4, топката се одбила од обрачот и потоа повторно застанала на него. Топката сеуште го допира обрачот, кога Б4 ги допира кошот или таблата.
**Толкување:**
Прекршок од Б4. Ограничувањата кои се однесуваат на попречување на топката се на сила се додека постои можност топката да влезе во кошот.

## Член 33: Контакт - Општи принципи

### 33.10 Полукругови каде нема пробивање

**ПРИКАЗ:**
Целта на правилото за полукруговите каде нема пробивање е да не биде награден одбрамбен играч кој завзел положба под својот кош со намера да извлече-изнуди грешка во напад од напаѓач кој има посед на топката и во движење продира кон кошот.
За да се употреби правилото на **полукругови каде нема пробивање** треба:
(а)Обете нозе на одбрамбениот играч да бидат внатре во просторот на полукруговите(види дијаграм 1).**Линијата на полукругот не е дел од просторот на полукругот.**
(б)Напаѓачот да е во движење кон кошот преку линијата на полукругот и да се обидува да изведе шут на кош од игра или додавање додека е во воздухот.

Правилото за полукругот каде нема пробивање **нема** да се применува и било кој контакт ке биде отсуден според нормалните правила,(на пр. принципот на цилиндер или блок-пробивање) за:

(а)Сите ситуации во играта кои се случиле надвор од полето на полукругот, или исто така во сите ситуации кои се развилеод полето помеѓу полукругот и челната линија.
(б)Сите ситуации на скок игра, кога после шут за кош од игра топката отскокнала и се случил контакт.
(в)Сите ситуации на неправилна игра со шаките, рацете, нозете или телото од напаѓачот или одбрамбениот играч подеднакво.

**Пример:1**
Надвор од полето на полукругот, А4 започнал скок шут после кој причинил контакт-пробивање врз Б4 кој се наоѓа внатре во полето на полукругот.

**Толкување:**
Акцијата на А4 е исправна заради примената на **правилото полукруг каде нема пробивање.**

**Пример 2:**
А4 ја води топката вдолж челната линија и откако пристигнал во просторот зад таблата, отскокнал дијагонално или наназад и остварил контакт-пробивање со Б4 кој се наоѓа во исправна одбрамбена положба внатре во полето на полукругот.
**Толкување:**

Лична грешка пробивање од А4. **Правилото полукруг каде нема пробивање** не може да се примени бидејќи А4 влегол во просторот на полукругот од делот на теренот непосредно зад таблата и замислената продолжена линија (види дијаграм 1).

**Пример 3:**
После шутот на А4 за кош од поле, топката го допрела обрачот и се одбила од него. А5 отскокнал во воздухот ја фатил топката и после тоа причинил контакт пробивање со Б4 кој се наоѓа во исправна одбрамбена положба внатре во полето на полукругот.

**Толкување:**
Лична грешка пробивање од А5. **Правилото полукруг каде нема пробивање** не се применува.

**Пример 4:**
А4 ја води топката кон кошот и се наоѓа во момент на шут. Наместо да го комплетира шутот за кош од игра, тој ја додава топката на А5 кој го следи веднаш зад него. После додавањето А4 причинил контакт пробивање со Б4 кој се наоѓа во исправна одбрамбена положба внатре во полето на полукругот. Во исто време А5 со топката во рацете се наоѓа во директен продор кон кошот со цел да поентира.

**Толкување:**
Лична грешка пробивање од А4. **Правилото полукруг каде нема пробивање** не може да се примени бидејки А4 неправилно го користел своето тело да го ослободи патот кон кошот за А5.

**Пример 5:**
А4 ја води топката кон кошот и се наоѓа во момент на шут. Наместо да го комплетира шутот за кош од игра, А4 ја додава топката на А5 кој стои во аголот на теренот за игра. После додавањето А4 причинил контакт пробивање со Б4 кој се наоѓа во исправна одбрамбена положба внатре во полето на полукругот.

**Толкување:**
Исправна акција на А4. Се применува **правилото полукруг каде нема пробивање.**




**Дијаграм 1 Положба на играч внатре (INSIDE) / надвор (OUTSIDE) од просторот на полукругот**

## Член 35: Обострана грешка

**ПРИКАЗ :**
Кога ќе бидат досудени спротивни одлуки на судиите или ќе се случат повреди на правилата во приближно исто време и една од казните наложува постигнатиот кош да биде поништен, таа казна преовладува и поените нема да бидат доделени.

**Пример:**
За време на момент на шут, доаѓа до физички контакт помеѓу шутерот А4 и Б4. Топката влегува во кошот .Водечкиот судија досудил грешка во напад од А4 и заради тоа кошот не треба да биде признат. Пратечкиот судија досудил грешка од играчот во одбрана Б4 и заради тоа кошот треба да биде признат.
**Толкување :**
Ова е ситуација на обострана грешка и кошот нема да биде признат. Играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од продолжената линија за слободни фрлања. Екипата А на располагање за напад ке има онолку време колку штопреостанало на часовникот за 24 секунди во моментот кога се случила обостраната грешка.

## Член 36: Неспортска грешка

**ПРИКАЗ 1:**
За време на последните две( 2) минути од четвртиот период и за време на последните две (2) минути од секое продолжение, топката е надвор од граничните линии за уфрлање и сеуште се наоѓа во рацете на судијата или веке е врачена на играчот кој треба да го изведе уфрлањето. Ако во тој момент одбрамбен играч на теренот причини контакт со играч на екипата во напад и е досудена лична грешка, тоа е **неспортска грешка.**

**Пример 1:**
На 0:53 преостанато време до крајот на играта (последна минута од играта), А4 ја има топката на располагање во своите раце за уфрлање, кога Б5 причинил контакт на теренот и на Б5 му е досудена лична грешка.

**Толкување:**
Очигледно е дека Б5 не прави напор да игра на топката и се стекнува со предност не дозволувајки часовникот за игра да почне да работи. Без опомена мора да биде досудена **неспортска грешка**.

**Пример 2:**
На 0:53 преостанато време до крајот на играта (последна минута од играта), А4 ја има топката на располагање во своите раце за уфрлање, кога А5 причинил контакт на теренот со Б5 и на А5 му е досудена лична грешка.
**Толкување:**
А5 не остварил предност со тоа што направил лична грешка. Лична грешка ке му биде досудена на А5, освен ако не се случил силен (тежок) контакт кој може да се досуди како неспортска грешка. Топката ке и биде доделена на екипата Б за уфрлање од местото најблизу до она каде се случил контактот.

**ПРИКАЗ 2:**
Во последната минута од играта на изедначен натпревар, откако топката ги напуштила рацете на играчот кој го извел уфрлањето, одбрамбен играч со намера да го запре часовникот или не дозволи истиот да биде вклучен да работи, направил контакт со напаѓач кој само што не ја примил топката или веке ја примил топката на теренот. Таков контакт **веднаш** ке биде досуден како лична грешка освен ако нема силен(тежок) контакт кој може да биде оквалификуван како неспортска или исклучувачка грешка.
**Принципот предност-подредена положба во овој случај нема да биде применет.**

**Пример 1:**
Со 1:02 преостанато време за игра во последниот период од натпреварот и при резултат А 83 - Б 80, топката ги напуштила рацете на А4 кој извел уфрлање, кога Б5 причинил контакт со А5 на теренот, малку пред тој да ја прими топката. На Б5 му е досудена грешка.
**Толкување:**
Лична грешка веднаш ке му биде досудена на Б5, освен ако според проценката на судиите природата на грешката не бара досудување на неспортска или исклучувачка грешка.

**Пример 2:**
Со 1:02 преостанато време за игра во последниот период од натпреварот и при резултат А 83 - Б 80, топката ги напуштила рацете на А4 кој извел уфрлање, кога А5 причинил контакт со Б5 на теренот, малку пред тој да ја прими топката. На А5 му е досудена грешка.
**Толкување:**
А5 не се стекнал со предност со тоа што направил грешка. Лична грешка **веднаш** ке му биде досудена на А5, освен ако нема силен(тежок) контакт. Топката ке и биде доделена на екипата Б за уфрлање од местото најблизу до она каде се случил контактот.

**Пример 3:**
Со 1:02 преостанато време за игра во последниот период од натпреварот и при резултат А 83 - Б 80, топката ги напуштила рацете на А4 кој извел уфрлање, **кога во различен простор на теренот од оној каде се извело уфрлањето,** Б5 причинил контакт со А5. Грешка му а е досудена на Б5.
**Толкување:**
Очигледно е дека Б5 не прави напор да игра на топката и се стекнува со предност не дозволувајки часовникот за игра да почне да работи. Без опомена мора да биде досудена неспортска грешка.

## Член 38: Техничка грешка

**ПРИКАЗ 1:**
Кога на некој играч му е дадена званична опомена заради некоја негова акција или однесување кое ако се повтори може да води кон досудување на техничка грешка, за таа опомена ќе биде известен и тренерот на екипата, и таа ќе се однесува за сите играчи од таа екипа до крајот на натпреварот. Званична опомена ќе биде дадена само кога часовникот за игра е запрен и топката е мртва.
**Пример:**
Опомена му е дадена на член од екипата А заради:
(а) Попречување на уфрлање.
(б) Неговото однесување.
(в) Било каква друга акција, која ако се повтори, може да доведе до досудување на техничка грешка.

**Толкување:**
За опомената ќе биде известен тренерот на екипата А и таа ќе се однесува на сите членови на екипата А, за слични акции во преостанатиот дел од играта.

**ПРИКАЗ 2:**
Ако за време на интервал на игра е досудена техничка грешка на член на екипата кој има право да игра или кој е определен како играч-тренер, техничката грешка ќе се смета како грешка на играч и исто така ќе се смета како една од грешките на екипата во следниот период (бонус).

**Пример:**
Играчот А4 е играч-тренер на екипата А. На А4 му е досудена техничка грешка заради:
(а) Бесење на обрачот за време на загревањето пред мечот или во полувремето.
(б)Неговото однесување за време на интервал на игра.
**Толкување:**
Во двата случаи на А4 ќе му биде досудена техничка грешка како на играч. Грешката ќе се смета како една од грешките на екипата (бонус) во следниот период, како и една од петте грешки на А4 поради кој А4 како играч ќе мора да ја напушти играта.

**ПРИКАЗ 3:**
Додека играчот е во момент на шут, на противниците не им е дозволено да го деконцентрираат со постапки како бранување на рака(це), попречување на видното поле на шутерот, гласно викање, тропање со нозете или плескање со рацете во близина на шутерот. Ако шутерот е ставен во подредена положба од таквите постапки, може да биде досудена техничка грешка. Ако шутерот не е ставен во подредена положба, ке биде упатена опомена.
**Пример:**
Играчот А4 е во момент на шут за кош од игра, кога Б4 се обидува да го вознемири и посмета со гласно викање или тропање со нозете по подот.
Шутот е:
(а)Успешен
(б)Неуспешен

**Толкување:**
Ке биде дадена опомена на Б4 за која ќе биде известен тренерот на екипата Б.
(а)Оваа опомена за слично однесување ќе се однесува за сите играчи на екипата Б до крајот на играта.
(б)Техничка грешка ќе му биде досудена на Б4.

**ПРИКАЗ 4:**
Ако играч повторно влезе во игра откако направил петта (5) грешка, а за тоа бил известен (дека повеќе не може да влегува во игра), неправилното влегување во игра, веднаш по откривањето ќе биде казнето, без противниците со тоа да бидат ставени во подредена положба.

**Пример:**
Откако направил петта грешка, Б4 е известен дека повеќе нема право да игра поради пет грешки. Подоцна Б4 влегува во игра како заменик.Неправилното влегување во игра е откриено:
(а)Пред топката да постане жива за продолжување на играта.
(б)Откако топката повторно постанала жива и посед на топката има екипата А.
(в)Откако топката повторно постанала жива и посед на топката има екипата Б.
(г)Откако топката повторно постанала мртва, по влегувањето во игра на Б4.

**Толкување:**
(а)Б4 веднаш ќе биде отстранет од играта. На тренерот ќе му биде досудена техничка грешка (запишана со„К„).
(б)Играта веднаш ќе биде запрена освен ако екипата А со тоа не е ставена во подредена положба. Б4 веднаш ќе биде отстранет од играта и на тренерот на екипата Б ќе му биде досудена техничка грешка(запишана со„К„).
(в) и (г) Играта веднаш ќе биде запрена. Б4 ќе биде отстранет од играта и на тренерот на екипата Б ќе му досудена техничка грешка(запишана со„К„).

**ПРИКАЗ 5:**
Ако, откако е известен дека повеќе нема право да игра поради 5 грешки, играчот повторно влезе во игра и постигне кош од игра, направи грешка или врз него е направена грешка, пред неговото недозволеното учество во играта да биде откриено, поените ќе се сметаат, а грешките ќе се сметаат како грешки на играч.

**Пример:**
Откако ја направил својата 5 грешка и е известен дека повеке нема право да игра, Б4 повторно влегува во игра како заменик. Неправилното учество во играта е откриено откако:
(а)Б4 постигнал кош од игра.
(б)Б4 направил грешка.
(в)А4 направил грешка врз Б4 (петта грешка на екипата).
**Толкување:**
(а)Постигнатиот кош од игра на Б4 ќе важи.
(б)Грешката направена од Б4 ќе се смета како грешка на играч.
(в)Двете слободни фрлања на Б4 ќе бидат изведени од неговиот заменик.
Во сите случаи техничка грешка ке му биде досудена на тренерот на екипата Б, запишана kako”K”.

**ПРИКАЗ 6:**
Ако, откако ја направил својата 5-та грешка, но не бил известен дека нема повеќе право да игра, играчот останал или повторно влегол во игра, тој играч веднаш ќе биде отсранет од теренот веднаш штом грешката ќе биде откриена, без со тоа да се стави противникот во подредена положба. За неправилно учество на играчот нема да има казна. Ако тој играч постигне кош од игра, направи грешка или нему му е направена грешка од противникот, кошот ќе важи, а грешките ќе се сметаат како грешки на играч.

**Пример 1:**
Играчот А10 бара да го замени А4. Првата следна мртва топка се случила како резултат на грешка на А4 и А10 влегол во игра.Судиите пропуштиле да го известат А4 дека грешката на А4 е неговата 5-та грешка. Подоцна во текот на играта А4 повторно влегува во игра како заменик. Неправилното учество на А4 е откриено:

(а)Откако часовникот за игра почнал да работи додека А4 е во игра како играч.
(б)Откако А4 постигнал кош од игра.
(в)Откако А4 направил грешка над Б4.
(г)Откако Б4 направил грешка над А4 за време на неуспешен шут за кош од игра.

**Толкување:**

(а)Играта ќе биде запрена и А4 веднаш ќе биде отстранет од игра и заменет со заменик, без притоа екипата Б да биде ставена во подредена положба. Неправилното влегување во игра на А4, нема да биде казнето.
(б)Кошот од игра на А4 ќе важи.
(в)Грешката на А4 ќе се смета како грешка на играч ќе биде соответно санкционирана.
(г) Грешка на Б4. На заменикот на А4 ќе му бидат доделени две или три слободни фрлања.

**Пример 2:**

Десет(10) минути пред почетокот на играта, техничка грешка му е досудена на А4. Пред да започне играта тренерот Б определува двете слободни фрлања да бидат изведени од Б4, но Б4 не е еден од стартните 5 играчи на екипата Б.

**Толкување:**

Еден од играчите определени да ја започнат играта мора да ги изведе слободните фрлања. Замена неможе да биде одобрена пред да започне времето за игра.

**ПРИКАЗ 7:**

Кога играч ке падне сакајки да иссценира грешка, со цел да создаде нечесна предност со досудување на неправедна грешка на противникот или создаде неспортска атмосфера кај гледачите кон судиите, такво однесување ке се смета како неспортско однесување.

**Пример:**

А4 ја води топката кон кошот кога Б4 паѓа на подот наназад без да се случи никаков контакт помеѓу овие играчи или после занемарлив контакт проследен со театрално паѓање на Б4. Опомена за вакво однесување претходно е дадена на играчите на екипата Б, пренесена на нивниот тренер.

**Толкување:**
Очигледно е дека ваквото однесување е неспортско и го отежнува непреченото одвивање на играта. Ќе биде досудена **техничка грешка.**

**ПРИКАЗ 8:**
Сериозна повреда може да се случи поради прекумерно замавнување со лактите, особено при скоковите активности и ситуациите на одблизу чуван играч. Ако во ваквите акции резултираат контакт, тогаш може да биде досудена лична грешка. Ако акцијата не резултира со контакт, тогаш може да биде досудена **техничка грешка**.

**Пример:**
А4 во скок остварува посед на топката и доскокнува на подот. Тој веднаш е одблизу чуван од Б4. Без да има контакт со Б4, А4 прекумерно замавнува со лактите во обид да го заплаши Б4 или да си создаде доволно простор за пивот, додавање или водење на топката.
**Толкување:**
Акцијата на А4 не е во согласност со духот и целта на правилата. **Техничка грешка** може да му биде досудена на А4.

## Член 39: Тепачка

**ПРИКАЗ :**
Ако на екипата и е доделено уфрлување бидејќи таа екипа била во посед на топката во време кога избила тепачка или постои опасност да избие тепачка, таа екипа има онолку време за напад колку што останало на дисплејот за 24 секунди во моментот кога играта треба да продолжи.

**Пример:**
Во моментот кога се случила ситуацијата која може да води кон тепачка, екипата А имала посед на топката со изминати 20 секунди од периодот на 24 секунди за напад. Судиите ги исклучиле сите членови на обете екипи заради напуштање на просторот околу клупите на екипите.

**Толкување:**
Топката ќе и биде доделена на екипата А која имала посед на топката пред да започне тепачката, за уфрлање од продолжената централна линија спротивно од записничката маса, со преостанати 4 секунди од периодот на 24 секунди за напад.

## Член 42: Посебни случаи (ситуации)

**ПРИКАЗ 1:**
За време на посебни случаии (ситуации) кога за време на ист период на запрен часовник за игра, се случиле повеќе казни кои треба да се извршат, судиите мораат да обратат особено внимание на редоследот според кој се случиле прекршоците или грешките и кои казни кога мораат да се извршаат, а кои меѓусебно да се поништат.

**Пример 1:**
Играчот А4 е во обид со скок шут да постигне кош од игра. Додека топката е во воздухот,се огласува сигналот на уредот за 24 секунди.По сигналот, но додека А4 сеуште е во воздухот, со неспортска грешка е фаулиран од Б4 и:
(а)Топката го промашила обрачот.
(б)Топката само го допрела обрачот но не влегла во кошот.
(в)Топката влегла во кошот.

**Толкување:**
Во сите три случаи неспортската грешка на Б4 не може да се занемари.
(а)А4 бил фаулиран од Б4 во момент на шут. Прекршокот 24 секунди на екипата А ке биде занемарен бидејки се случил после неспортската грешка. Две или три слободни фрлања ке бидат доделени на А4 проследени со уфрлање за екипата А од продолжената централна линија отспротива на записничката маса.
(б)Не се случил прекршок 24 секунди; две или три слободни фрлања ќе бидат доделени на А4, проследени со уфрлање за екипата А од продолжената централна линија отспротива на записничката маса.

(в) Два или три поени ќе бидат доделени на А4, и едно дополнително слободно фрлање за А4, проследено со уфрлање за екипата А од продолжената централна линија , отспротива на записничката маса.

**Пример 2:**
А4 се обидува со скок шут да постигне кош од игра, кога е фаулиран од Б3. После тоа, додека А4 е сеуште во момент на шут тој е фаулиран и од Б4.
**Толкување:**
Личната грешка на Б4 ке биде занемарена, освен ако не е неспортска или исклучувачка.

**ПРИКАЗ 2:**
Ако во текот на изведувањето на слободни фрлања, се случи обострана грешка или грешки со еднакви казни, грешките ќе бидат досудени и забележани, а казните нема да бидат изведувани.

**Пример 1:**
На играчот А4 му се доделени две слободни фрлања.После првото слободно фрлање:
(а)А5 и Б5 направиле обострана грешка.
(б)А5 Б5 направиле технички грешки.
**Толкување:**
Грешките на А5 и Б5 ќе им бидат досудени, после што А4 ќе го изведе второто слободно фрлање. Играта ќе продолжи како после обично последно или единствено слободно фрлање.

**Пример 2:**
На играчот А4 му се доделени две слободни фрлања. Обете слободни фрлања се успешни. Пред топката повторно да постане жива после последното слободно фрлање:
(а) А5 иБ5 направиле обострана грешка.
(б) А5 и Б5 направиле технички грешки.
**Толкување:**
Во двата случаи грешките ке бидат доделени и впишани на соодветните играчи, после што играта ќе продолжи со уфрлање од челната линија како после било кое последно или единствено слободно фрлање.

**ПРИКАЗ 3:**
Во случај на обострана грешка, ако после поништување на еднаквите казни досудени против двете екипи, не останале други казни за изведување, играта ке продолжи со уфрлање за екипата која имала посед на топката или и било доделено право на топка, пред да се случи првата повреда на правилата. Во случај кога ниту една од екипите немала посед на топката или немала право на топка пред да се случи првата повреда на правилата, тоа е ситуација на потфрлање. Играта ке продолжи со уфрлање на топката според процесот на алтернативен посед (правец на стрелката).

**Пример:**
За време на интервал на игра помеѓу првиот и вториот период на играчите А5 и Б5 им се досудени исклучувачки грешки или на тренерот А и тренерот Б им се досудени технички грешки.
Стрелката за алтернативен посед е во корист:
а) На екипата А
б) На екипата Б

**Толкување:**
а) Играта ке продолжи соуфрлање за екипата А од продолжената централна линија спротивно на записничката маса. Во моментот кога топката допре или исправно ке биде допрена од играч на теренот стрелката ке биде завртена во корист на екипата Б.
б) Следи истата постапка започнувајки со уфрлање доделено на екипата Б.

## Член 44: Грешки кои може да се исправат

**ПРИКАЗ 1:**
За да се сметаат за грешки кои може да се исправат, тие мора да бидат откриени од судиите, помошните судии или делегатот пред топката да постане вживаг по следната ситуација на вмртваг топка откако часовникот за игра работел после случувањето на грешката.
Тоа е:
Се случила грешка-----------------Сите грешки се случиле за време
на мртва топка

Топката постанува вживаг-------Грешката може да се исправи
Часовникот почнува или
продолжува да работи------------Грешката може да се исправи
Топката постанува вмртваг------Грешката може да се исправи
Топката постанува вживаг-------Грешката повеќе неможе да се исправи

После исправката на грешката, играта ке продолжи и топката ке биде доделена на екипата која имала право на топка во моментот кога играта била прекината поради исправката на грешката.

**Пример:**
Б4 го фаулирал А4 и тоа е втора грешка на екипата Б. Судиите направиле грешка и на А4 му доделиле 2 слободни фрлања. После второто слободно фрлање кое е успешно играта продолжила И часовникот за игра почнал да работи. Б5 ја примал топката ја водел кон кошот и постигнал кош.
Грешката е откриена:
(а)Пред
(б)Откако
топката е на располагање на играч на екипата А кој треба да изведе уфрлање.
**Толкување:**
Кошот на Б5 важи.
Во (а) сите успешни слободни фрлања ке бидат поништени. Грешката сеуште може да се исправи и екипата А ке ја добие топката за уфрлање од челната линија онаму каде играта била запрена поради исправка на грешката.
Во (б) грешката повеќе неможе да се исправи и играта ке продолжи.

**ПРИКАЗ 2:**
Ако грешката се состои од ситуација кога погрешен играч извел слободно фрлање(а), слободното фрлање(а) изведени како резултат на грешката ке бидат поништени. Топката ке биде доделена на противниците за уфрлање од продолжената линија за слободни фрлања. Ако играта била започната топката ке биде доделена на противниците за уфрлање од место најблиску до она каде играта била прекината, освен ако нема други казни за изведување. Ако судиите приметат дека погрешен играч има

намера да изведе слободно фрлање(а), пред топката да ги напушти рацете на шутерот на слободни фрлања  за првото или единствено слободно фрлање, тој веднаш ке биде заменет со правиот шутер без било какви санкции.

**Пример:**
Б4 го фаулира А4 и тоа е 6-та грешка на екипата Б. На А4 му се доделени две слободни фрлања. Наместо А4, А5 ги изведува слободните фрлања. Грешката е откриена:

а) Пред топката да ги напушти рацете на А5 за првото слободно фрлање.
б) Откако топката ги напуштила рацете на А5 за првото слободно фрлање
в) После второто слободно фрлање кое е успешно.

**Толкување:**
Во (а) грешката веднаш ке се исправи и ке биде побарано од А4 да ги изведе слободните фрлања  без било какви санкции за екипата А.
Во(б) и (в) двете слободни  фрлања ке бидат поништени и играта ке продолжи со уфрлање за екипата Б од продолжената линија за слободни фрлања.
Истата постапка ке се примени ако грешката на Б4 е неспортска. Во таков случај правото на посед на топката како дел од казната ке биде поништено и играта ке продолжи со уфрлање за екипата Б од продолжената централна линија.

**Пример 2:**
Б4 го фаулира А4 во момент на шут, веднаш после што е досудена техничка грешка на тренерот Б. Наместо А4, Б4 ги изведува сите 4 слободни фрлања. Грешката е откриена пред топката да ги напушти рацете на играчот од екипата А, кој треба да го изведе уфрлањето како дел од казната за техничката грешка.

**Толкување:**
Двете слободни фрлања кои ги извел А5 наместо А4 ке бидат поништени и играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од продолжената централна линија спротивно на записничката маса.

**ПРИКАЗ 3:**
Кога грешката ќе биде исправена, играта ќе продолжи од местото каде таа е прекината поради исправката, освен ако исправката вклучува доделување на заслужено слободно фрлање(а) и :

а) Ако нема промена на поседот на екипата откако грешката е направена, играта ќе продолжи како после вообичаено слободно фрлање(а).
б) Ако нема промена на поседот на екипата откако грешката е направена и истата екипа постигне кош, грешката ќе биде занемарена и играта ќе продолжи како после постигнат кош.

**Пример 1:**
Б4 го фаулира А4 и тоа е 5-та грешка на екипата. По грешка на А4 не му се доделени 2 слободни фрлања туку уфрлање. После уфрлањето А5 ја води топката на теренот кога Б5 од неговите раце ја исфрла топката во аут. Тренерот А бара тајм-аут. За време на тајм-аутот судиите ја откриваат грешката или им е скренато внимание дека на А4 требало да му се доделат две слободни фрлања.
**Толкување:**

На А4 ќе му бидат доделени две слободни фрлања и потоа играта ќе продолжи како после вообичаено слободно фрлање(а).

**Пример 2:**
Б4 го фаулира А4 и тоа е 5-та грешка на екипата. По грешка на А4 не му се доделени 2 слободни фрлања туку уфрлање. После уфрлањето А5 при обид за постигнување кош од игра е фаулиран од Б4 за што му се доделени две слободни фрлања. За време на тајм аутот кој следува, судиите ја откриваат грешката или им е скренато внимание дека на А4 требало да му се доделат две слободни фрлања.
**Толкување:**

На А4 ќе му бидат доделени две слободни фрлања без скокачи на полињата за скок при слободни фрлања. Потоа А5 ќе изведе две слободни фрлања и играта ќе продолжи како после било кое вообичаено слободно фрлање(а).

**Пример 3:**
Б4 го фаулира А4 и тоа е 5-та грешка на екипата. По грешка на А4 не му се доделени 2 слободни фрлања туку уфрлање. После уфрлањето А5 постигнува кош. Пред топката повторно да постане жива, судиите ја откриваат грешката.

**Толкување:**
Грешката ке биде занемарена и играта ке продолжи како после постигнат кош.

## **Член 46:** Судии- Должности и права

**ПРИКАЗ 1:**
Судијата е овластен да ги идентификува ситуациитекога користењето на техничката е соответно или на барање на тренерот да се увери дали последниот шут на кош на крај на периодот е упатен во времето за игра и/или дали последниот шут е со вредност од 2 или 3 поени. Единствено судијата одлучува дали оваа опрема ке се користи или не. Во случај на видео повторување, тоа ке биде извршено од судиите, делегатот ако е перисутен и мерачот на време. Судијата донесува конечна одлука. Барање за користење на опрема за видео повторување на акцијата мора да биде поднесено пред почетокот на наредниот период или пред потпишување на записникот од судиите.

**Пример 1:**
А4 шутира кон кошот кога се огласува сигналот за крај на периодот или играта. Шутот е успешен. Тренерот на екипата Б го изразува своето мислење според кое при шутот на А4 кон кошот, топката ги напуштила рацете на А4 по истек на времето за игра и бара да се употреби опремата за видео повторување (снимка).
а) Судиите се потполно сигурни во својата одлука.
б) Судиите имаат сомнеж или имаат различно мислење за тоа дека топката ги напуштила рацете на шутерот пред да се огласи сигналот за крај на периодот или играта.

**Толкување:**
а) Судијата го одбива барањето на тренерот Б.
б) Судијата го прифаќа барањето на тренерот Б.

Прегледувањето на повторената снимка ке се изврши во присуство на судиите, делегатот ако е присутен и мерачот на време. Ако повторената снимка обезбеди чист заклучок и визуелен доказ дека топката ги напуштила рацете на шутерот по сигналот за истек на времето за игра, кошот ке биде поништен. Ако потоpената снимка потврди дека топката ги напуштила рацете на шутерот пред истекот на времето за игра во периодот или играта, тогаш судијата ке ги потврди постигнатите поени за екипата А.

**Пример 2:**
Екипата А има предност од два поени. Се огласува сигналот за крај на периодот или играта, кога на А4 му е досудена лична грешка и на Б4 му се доделени две слободни фрлања. Обете слободни фрлања се успешни и резултатот е изедначен. Пред почетокот на следниот период или продолжение на играта тренерот на екипата А побарал користење на опремата за видео повторување (снимка).

**Толкување:**
Техничката опрема може да се користи само да се утврди дали последниот шут за кош од игра е во времето за игра или не (но не и за досудена грешка). Барањето на тренерот А ке биде одбиено.

**Пример 3:**
Екипата А има предност од два поени. Се огласува сигналот за крај на периодот или играта, кога Б4 шутира за кош од игра и постигнува кош, но само два (2) поени, а не три (3) поени се доделени од судиите. Пред почетокот на следниот период , првото продолжение или пред судиите да го потпиешат записникот, тренерот на екипата Б побарал користење на опремата за видео повторување (снимка).
**Толкување:**

Техничката опрема може да се користи за да се утврди дали последниот шут за кош од игра е во време или не и/или дали тој шут е со вредност од два (2) или три (3) поени. Барањето на тренерот ке биде прифатено.

**ПРИКАЗ 2:**
Пред почетокот на играта судијата ја одобрува техничката опрема и ги известува двајцата тренери за нејзиното присуство. Само техничка опрема која е одобрена од судијата може да се користи за видео повторување (снимка).

**Пример :**
А4 шутира на кошот во обид да постигне кош од игра кога се огласува сигналот за крај на периодот или играта. Шутот е успешен. Тренерот на екипата Б бара прегледување на повторената снимка на акцијата бидејки според неговото мислење шутот е остварен по истекот на времето за игра. На теренот не постои одобрена техничка опрема, но менаџерот на екипата Б изјавил дека постои снимка направена за потребите на екипата и го става видео материјалот на располагање на судиите за евентуално прегледување.

**Толкување:**
Барањето на тренерот Б ке биде одбиено.

## Член 50: Мерач на 24 секунди-должности

**ПРИКАЗ:**
Дисплејот на часовникот за 24 секунди ке биде исклучен откако топката ке постане вмртвак и часовникот за игра е запрен кога преостанале помалку од дваесет и четири (24) или четиринаесет (14) секунди, на часовникот за игра во било кој период.

**Пример 1:**
Со преостанати осумнаесет (18) секунди на часовникот за игра и три (3) секунди на часовникот за 24 секунди, играчот Б1 во своето задно поле намерно ја удира топката со нога.

**Толкување:**
Играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од нивното предно поле со преостанати осумнаесет (18) секунди на часовникот за игра и четиринаесет (14) секунди на часовникот за 24 секунди.

**Пример 2:**
Со преостанати седум (7)секунди на часовникот за игра и три (3) секунди на часовникот за 24 секунди, играчот Б1 во своето задно поле намерно ја удира топката со нога.

**Толкување:**
Играта ке продолжи со уфрлање за екипата А од нивното предно поле со преостанати седум (7) секунди на часовникот за игра, а часовникот за 24 секунди ке биде исклучен.


Превод, подготовка, обработка и адаптација

ФИБА Европа Инструктор

**ЃОРГИ ПИПЕРКОВ**

Скопје, Август 2010